Архивски број: 08-420/5
19-09-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-420/1 од 30.6.2023 година поднесена од [redacted] против градоначалникот и Советот на Општина Штип, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 18.9.2023 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност и социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на градоначалникот и Советот на Општина Штип врз жителите на населбата [redacted]

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-420/1 од 30.6.2023 година, од страна на [redacted] во име на [redacted] од Велес, против градоначалникот и Советот на Општина Штип, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност и социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги.

Во претставката најпрво се наведува дека во месец јули 2020 година било доставено барање до Општина Штип за приоритетни потреби на ромското население во Штип, кое е воглавно концентрирано во областите [redacted] додека помал процент од нив живеат низ други делови на градот. Наведуваат дека таква е населбата [redacted] (која Општината ја води како [redacted] каде околу 60 ромски семејства живеат повеќе од 40 години, без основни услови. Оттука, истакнуваат дека Ромите континуирано се соочуваат со низа предизвици во обезбедувањето на услови за нормално живеење.

Како што е наведено во претставката, а според податоци од спроведено истражување за домувањето во Општина Штип, главните промени во областа на домувањето се направени во дел од инфраструктурните решенија- асфалтирање на улици, обезбедување на канализација, водовод и улично осветлување, како и за подобрување на условите во основното училиште во населбата. Но и покрај ова, како што велат, голем дел од споредните улици се неасфалтирани, а електричната енергија во некои делови од населбата е со слаб напон.

Имајќи го предвид и неконтролираниот раст и развој на т.н. ромски населби, истакнуваат дека во во Општина Штип е потребно понатамошно подобрување на условите, пред сè во асфалтирањето на улиците и поставување улично осветлување, особено на [redacted]

Понатаму се наведува дека во насока на артикулирање на приоритетните потреби на заедницата, во поднесеното барање до Општина Штип како ургентни биле изложени неколку проблеми и барања, и тоа:

1. Асфалтирање и санирање на приоритетните улици, а посебно започнатата ул. Каваклија бб, но и останатите улици каде има услови за тоа;
2. Поставување на улично осветлување во населбата [redacted] и другите населби, со цел поставување или замена на уличните светилки и столбови кои не се соодветни, од причина што моментално движењето на жителите во ноќните часови е отежнато; и
3. Поставување на контејнери низ улиците на населбата Каваклија, со приоритет на главните улици, со што ќе се овозможи подобра општа хигиена за жителите, но и нема да се генерира отпад и да се создаваат депонии.

Во врска со барањето, во одговорот кои го добиле од Советот на Општина Штип било наведено дека решавањето на проблемите на граѓаните од населбата [redacted] ќе биде планирано во соодветните програми за работа на Општина Штип за 2021 година. Во прилог на претставката беше доставен Одговорот од Советот со бр. 08-3169/4 од 31.7.2020 година. Но и покрај ова, подносителите како индикатор за постоење на дискриминација го истакнуваат фактот единствено на Ромите во населба Каваклија не им се овозможува еднаков пристап до горенаведените услуги, споредено со останатите населби во Општина Штип. Со ваквото постапување, подносителите тврдат дека се прави директна дискриминација врз основа на, меѓудругото, припадност на маргинализирана група.

Од причина што поднесената претставка беше адресирана против минатиот градоначалник на Општина Штип, кој повеќе не е на функцијата, подносителите на ден 7.7.2023 година доставија доуредување на претставката со што истата ја поднесуваат против актуелниот градоначалник на Општина Штип, Иван Јорданов, Советот на Општина Штип и Одделението за комунални дејности при Општина Штип.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.7.2023 година испрати Известување бр. 08-420/3 за произнесување по наводите од претставката до Општина Штип. Видно од поштенската испратница, Известувањето е уредно примено на ден 11.7.2023 година, но сепак до Комисијата не пристигна одговор во законскиот рок. Од таа причина, Комисијата на ден 23.8.2023 година испрати Ургенција до Општина Штип со која беше даден дополнителен рок од 15 дена за произнесување по наводите од претставката. Видно од поштенската испратница, Ургенцијата е примена на ден 24.8.2023 година, но повторно не е пристигнат никаков одговор од страна на Општина Штип.

Следствено на ова, а од причина што потенцијалниот дискриминатор нема доставено свој одговор, односно произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при носењето на ова Мислење ги ценеше единствено наводите изнесени во претставката.

Имено, во конкретниот случај Комисијата констатираше дека жителите на населбата [redacted] се имаат обратено до Општина Штип со цел адресирање и решавање на нивните потреби поврзани со условите за живот во населбата. Во врска со истото, на ден 31.7.2020 година од страна на Општина Штип, односно тогашниот претседател на [redacted] донесено е Известување бр. 08-3169/4 во кое се наведува дека „решавањето на проблемите на граѓаните во населба Каваклија-асфалтирање и санирање на пристапни улици и поставување на улично осветлување ќе биде планирано во соодветните програми за работа на Општина Штип за 2021 година“. Од ваквото известување може да се изведе заклучок дека Советот на Општина Штип го препознал проблемот со асфалтирање и санирање на улици и поставување на улично осветлување во населбата Каваклија, за што дал ветување дека истото ќе биде планирано во програмите за работа за 2021 година.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Поради фактот што од страна на Општина Штип не беше доставено соодветно произнесување, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема увид во исполнувањето на даденото ветување, односно дали во програмите за работа на Општина Штип за 2021 година било предвидено решавање на горе споменатите проблеми на жителите на населбата [redacted] Оттука, ценејќи ги единствено наводите во претставката, Комисијата утврди дека до носењето на ова Мислење, Општина Штип сѐ уште нема постапено по барањата на жителите на населбата Каваклија, односно нема спроведено асфалтирање и санирање на приоритетни улици, како и поставување на улично осветлување и контејнери низ населбата. Со ваквото дејствување, Општината го има повредено правото на еднаков пристап до добра и услуги на жителите на населбата Каваклија, во споредба со останатите жители на Општина Штип.

При мериторно одлучување по претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја зема предвид и усвоената <u>Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030</u> на Република Северна Македонија, каде е предвидено намалување и елиминирање на социо-економскиот јаз меѓу Ромите и остатокот од не-ромското население во македонското општество. Како една од стратешките цели предвидено е обезбедување на постојано, достоинствено и не-сегрегирано домување на Ромите, односно подобрување на условите за домување и инфраструктурата во населбите каде што живее ромското население. Во рамки на стратешката цел, дефинирани се пет специфични цели, меѓу кои се и урбанизација на ромските населби, обезбедување на комунална инфраструктура и намалување на изложеноста од загадување и контаминација во ромските населби. Барањата на подносителите на претставката (асфалтирање и санирање на улици, поставување улично осветлување и поставување контејнери) директно кореспондираат со вака поставените стратешки цели. Дополнително, при анализа на постоечката ситуација, во Стратегијата се нотира дека во делот на урбанизација на ромските населби состојбата е непроменета, при што општините ниту ги урбанизираат ромските населби ниту ги користат државните средства за урбанизација.

Оттука, земајќи ги предвид наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за сторена дискриминација врз жителите на штипската населба [redacted] од страна на Општина Штип, односно утврди дека е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„ Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“*

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди сторена дискриминација врз основа на етничка припадност и социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги од страна на градоначалникот и Советот на Општина Штип врз жителите на населбата Каваклија.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Општина Штип да обезбеди соодветни услови за домување на жителите на населбата [redacted], и тоа асфалтирање на приоритетните улици, поставување улично осветлување и поставување на контејнери за отпад низ населбата, во рок од **2 месеци** од денот на прием на ова мислење и за истото писмено да ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Доколку Општината не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
19.9.2023 година

Комисија за спречување и заштита од Дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]
- Општина Штип, ул. Васил Главинов бр. 4Б, 2000 Штип